ЈП ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ПАРКИНЗИ
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Бр. 02-1712/4
15.04.2026 год.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 од Закон за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002), член 4 став 1 точка 4 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2012, 163/2013, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/2020, 255/2024, 3/2025 и 17/2025), член 4 и член 9 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014; 44/2015; 116/2015; 150/2015; 31/2016; 71/2016 и 163/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/2021, 253/2023, 224/2024, 135/2025 и 269/2025), член 7 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/2019, 302/2020, 122/2021, 33/2024, 208/2024, 193/2025, 258/2025 и 58/2026), член 4 и член 38 од Статутот на јавното претпријатие („Службен гласник на Општина Центар - Скоије"6рој 04/26), а во врска со член 19 од Законот за јавните претпријатија „Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 89/2022, 274/2022, 208/2024 и 193/2025) ) Управниот одбор на јавното претпријатие на 52-та седница, одржана на ден 15.04.2026 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
# ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИН НА НАПЛАТА НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНА ЦЕНТАР – СКОПЈЕ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организацијата и начинот на наплата на јавните паркиралипгта и површини од значење за Општина Центар за јавна употреба наменети за паркирање на возила (во натамошниот текст: јавни наркиралишта), како и начинот на користење и одржување на јавните паркиралишта, надзорот над паркирањето и други прашања кои се однесуваат на јавните иаркиралишта од значење за Општина Центар.

Со јавните паркиралишта од значење за Онштина Центар-Скопје управува Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар-Скопје (во натамошниот тексг: организатор на паркирањето).

Изградбата, одржувањето и користењето на јавни паркиралишта од значење за Општина Центар се во надлежност на организаторог иа паркирањето, односно се работи од јавен интерес од локално значење за Општина Центар.

**Член 2**

<u>Општински пат </u>е јавен пат кој поврзува населени места на Општината и е од значење за

бул. Гоце Делчев број 14, 1000 Скопје +389 2 3212488; +389 2 3212489;
info@poc.mk / www.poc.mk

сообраќајот во огштииата.
Јавно паркиралиште е посебно уреден и обележан простор наменет за паркирање на определен вид возила. Јавните наркиралишта можат да бидат надвор од површините опфатени со патиштата и улиците или на самите патишта и улици.
Сервисна улица е сообраќајница во населено место која ги поврзува собирните улици со станбените и локалните улици.
Станбена улица е сообраќајница во населено место која ги поврзува станбените и деловните објекти со собирната и сервисната улица.
Паркинг место е означен дел од паркиралиште кој е наменет исклучиво за паркирање на едно возило.
Тротоар е посебно уредена сообраќајна површина првенствено наменета за движење на пешаци, која не е на исто ниво со коловозот или од коловозот е одвоена на друг начин.

Патнички автомобил е моторно возило наменето за превоз на лица, кое освен седиштето на возачот има најмногу осум седишта.
Напуштено возило е моторно или приклучно возило кое било наменето за јавен патен сообраќај, паркирано на јавен или некатегоризиран пат или јавна површина, кое е со или без регистарски таблици, не е регистрирано и за кое никој не води грижа, како и паркирано возило со странски регистарски таблици, оставено најмалку 30 дена без некој истото да го користи ниту да се грижи. Запирање на возило е секој прекин на движењето на возилото на патот во траење до три минути, при што возачот не го напушта возилото, освен прекинот што се врши заради постапување според сообраќаен знак или правило со кое се регулира сообраќајот.
Паркирање на возило е прекин на движењето на возилото во траење подолго од три минути, освен прекинот што се врши заради постапување според сообраќаен знак или правило со кое се регулира сообраќајот.
Корисници се физички и правни лица кои ги користат јавните паркиралишта за паркирање.
Сообраќајна сигнализација е систем на средства, уреди и ознаки за регулирање на сообраќајот. Сообраќаен знак е знак на кој со употреба на графички, светлосни, ознаки со бројки, букви или други симболи, учесниците во еообраќајот се нредупредуваат за опасностите на патот, се укажува на ограничувањата, забраните и обврските, односно се дава известување потребно за безбедно движење по патот.
Сообраќаен режим е начин на водење на сообраќајот на пат, односно дел од пат или населено место, односно дел од населено место означен со соодветна сообраќајна сигнализација.
Попречување на сообраќај е дејствие во сообраќајот со кое, спротивно на сообраќајните прописи, учесник во сообраќајот се присилува на промена на дотогашниот начин на учество во сообраќајот или се оневозможува наменско користење на сообраќајните површини.
Загрозување на сообраќајот е начин на учество во сообраќајот заради кој настапила непосредна опасност од настанување на сообраќајна незгода.
Стан е функционална градежна целина која се состои од простории наменети за домување по правило со еден одделен влез.
Како корисник на јавно паркиралиште, во смисла на оваа Одлука, се смета сопственикот на

возилото, односно лицето кое управува со возилото.

Останатите изрази коишто не се дефинирани со оваа Одлука, го имаат значењето определено со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Законот за јавните патишта и Одлуката за комунален ред и мерки за спроведување на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

**Член 3**

Јавните паркиралишта од значење за Општина Центар се утврдени од страна на Советот на Општина Центар-Скопје, а се уредени со Детален урбанистички план и/или уредна урбанистичко-градежна и техничка документација.
Организаторот на паркирањето е должен да ги означи, обележи, уреди и одржува јавните паркиралишта на кои паркирањето се наплатува.
Јавните паркиралишта се обележани со сообраќајна сигнализација во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за сообраќајни знаци, опрема и сигнализација на патот.
Јавните паркиралишта се користат од страна на физички и правни лица (*во понатамошниот текст : корисници*) за паркирање на патнички моторни возила, со означување на категоријата на моторни возила кои можат да се паркираат на јавното паркиралиште со наплата.

**Член 4**

Јавните паркиралишта со коишто управува јавното претпријатие се јавни паркиралишта со наплата, а за нивното користење се наплаќа одреден надоместок.
На јавните паркиралишта со наплата задолжително на видно место е истакнато известување кое содржи информации за: зоната, категоријата на моторни возила кои можат да се паркираат, начинот на паркирање и наплата, работното време, висината на цената на услугата како и временското ограничување за користење на јавното паркиралиште.
Со паркирање на возилото на јавно паркиралиште со наплата, се смета дека корисникот на возилото се согласил и ги прифатил условите за користење на јавниого паркиралиште пропишани со оваа одлука или другите акти кои се однесуваат на јавните паркиралишта донесени од страна на организаторот на паркирањето, во согласност со Советот на Општина Центар.

**Член 5**

Јавните паркиралишта мора да се користат на начин со кој се обезбедува безбедно и економично групно стационирање на повеќе возила од определен вид, така што за секое возило да има паркинг место и независен, безбеден и прегледен сообраќаен пристап.
Користењето на јавните паркиралишта мора да биде во согласносг со предвидениот режим утврден со хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација.
На јавните паркиралишта, во зависност од потребите и условите за паркирање, како и фреквенцијата на сообраќајот, паркирањето може временски да биде ограничено.
Начинот и условите за паркирање, времетраењето на паркирањето, односно неговото

ограничување, како и начинот на означувањето на ограничувањето, ги утврдува организаторот на паркирањето, во согласност со Советот на Општина Центар.

**Член 6**

Оваа Одлука не се однесува на површини во приватна сопственост наменети за паркирање во функција на станбени или деловни објекти, изградени и утврдени со документација како градежни парцели или градби во приватна сопственост.

По исклучок, а по претходно поднесено барање на сопствениците од ставот 1 на овој член, за обезбедување на услугите што ги нуди организаторот на паркирањето, истиот може да ја обезбеди бараната услута само доколку истото не го наруши тековното работење на организаторот, за што се склучува договор за користење на паркинг услута.

**Член 7**

На јавните паркиралишта може да се поставуваат рекламни објекти во согласност со сообраќајно- технички елаборат поднесен од организаторот на паркирањето, а по претходно извршена заверка на истиот и добиена согласност за поставување на рекламните објекти од страна на Општина Центар – Скопје.

За поставување на рекламни објекти во смисла на став 1 на овој член, организаторот на паркирањето и сопственикот на рекламниот објект склучуваат договор.

За поставување на рекламни објекти на јавните паркиралишта, организаторот на паркирањето е должен на Општина Центар – Скопје да и плати комунална такса, во висина утврдена во Одлуката за висина на комуналната такса донесена од Советот на Општина Центар-Скопје.

**Член 8**

Корисникот на јавните паркиралишта не смее да ги оштетува паркиралиштата или објектите на паркиралиштата.

Возачот односно сопственикот на возилото не смее да запре или паркира возило особено:

- на тротоар, односно пешачка патека, ако тоа не е изречно регулирано со сообраќаен знак.

Ако е дозволено паркирање, односно запирање, задолжително треба да се остави најмалку 1,6 метри ширина на површината за движење на пешаци, со тоа што таа површина не може да биде покрај работ на коловозот,

- пред влез во објект, двор или гаража,
- на хортикултурно уредени зелени површини, градски зеленила и паркови,
- на места предвидени за движење и паркирање на лица со посебни потреби и
- на место каде што паркираното возило би го оневозможило пристапот на друго возило, заради паркирање или излегување на веќе паркирано возило.

**Член 9**

Возачот не смее да го запре или паркира возилото на место на кое тоа би ја загрозувало безбедноста на другите учесници во сообраќајот или би претставувало пречка за нормално одвивање на сообраќајот или за движењето на пешаците и велосипедистите.

На простор наменет за запирање и паркирање на возила, како и на посебно уредена сообраќајна површина наменета за движење на пешаци и велосипедисти, е забрането да се

остават возила кои заради оштетеност, односно дотраеност не се употребуваат во сообраќајот (хаварисани, запуштени возила и слично), како и други предмети со кои се попречува одвивањето на сообраќајот и се загрозува животната средина.
Возилата и предметите од ставот 2 на овој член сопствениците, по барање на службено лице, се должни да ги отстранат веднаш.
Доколку сопствениците истите не ги отстранат, како и во случај кога тие се отсутни, возилата и предметите ќе бидат отстранети на трошок на нивните сопственици.

**Член 10**

Организаторот на паркирањето нема обврска за чување на паркираното возило и не одговара за оштетување и кражба на возилото.

**Член 11**

За користење на јавните паркиралишта корисникот е должен да плати соодветен паричен износ на име цена на услуга за паркирање или надоместок за користење на јавните паркиралишта согласно Ценовникот на услугите за користење на јавните паркиралишта донесен од организаторот на паркирањето, по добиена согласност од Советот на Општина Центар.
Организаторот на паркирањето го определува системот на наплатата и ги уредува сите други прашања поврзани со наплатата на паркирањето на јавните паркиралишта.

**Член 12**

Ако корисникот на паркиралиштето не го изврши плаќањето на начин согласно оваа одлука, ќе се смета дека користењето на јавното наркиралиште е нерегулирано, за што овластено вработено лице кај организаторот на паркирање ќе му издаде дневна паркинг карта(ДПК).

Доколку возачот на возилото истото го паркира на место што не е наменето за паркирање, организаторот на паркирањето ќе му постави блокатор на возилото или ќе го подигне неговото возило со специјално возило Пајак, во согласност со одредбите на оваа Одлука.

Доколку пак корисникот на јавните паркиралишта од затворен тип или катни гаражи користи паркинг услуги во спротивност со одредбите од корисничкиот договор и/или посебно пропишаните услови утврдени од страна на Организаторот на паркирањето ќе му биде издадена доплатна дневна карта(ДДК), на начин утврден во оваа Одлука.

**Член 13**

Возилата на службата за итна медицинска помош, противпожарните единици, Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, при извршувањето на нивните редовни работни активности, се ослободени од наплата на надомест за користење на јавните паркиралишта.

**Член 14**

За физичките лица кои имаат живеалиште на подрачјето на Општина Центар-Скопје, односно правните лица што имаат седиште на подрачјето на Општина Центар-Скопје, се утврдени повластени услови за паркирање на јавните паркиралишта од значење за

Општина Центар.

Правото на користење на повластени паркинг карти го утврдува организаторот на паркирањето.

**Член 15**

Организаторот на паркирањето, во зависност од капацитетот на паркиралиштето, е должен да утврди и соодветно да обележи места за паркирање на возила во сопственост на лица со инвалидитет.

Организаторот на паркирањето ги утврдува категориите на лица со инвалидитет кои може да ги користат паркинг местата определени во став 1 од овој член, како и условите за паркирање на нивните возила.

**Член 16**

Во зависност од капацитетот на паркиралиштето, може да се одобри и утврди резервација на места за паркирање на јавното паркиралиште за одреден број возила на правни и физички лица, како и за возила на дипломатските и други странски претставништва.

Резервираните паркинг места може да бидат обележани или необележани како резервирани паркинг места, во зависност од потребите на корисникот на јавното паркиралиште.

За користење на резервирани паркинг места организаторот на паркирањето и корисникот на резервираните паркинг места склучуваат договор, во кој подетално се утврдуваат правата и обврските на корисникот и организаторот на паркирањето.

За користење на резервираните паркинг места корисникот е должен да плати соодветен паричен износ на име закуп на паркинг места согласно Ценовникот на услугите за користење на јавните паркиралишта, донесен од организаторот на паркирањето, по добиена согласност од Советот на Општина Центар.

**Член 17**

Во зависност од контролата на влезот и излезот на јавното паркиралиште, јавните паркиралишта може да бидат од отворен и затворен тип.

Јавните паркиралишта од отворен тип се паркиралишта без автоматски, полуавтоматски или рачно контролиран влез.

Јавните паркиралишта од затворен тип се паркиралишта со автоматски, полуавтоматски или рачно контролиран излез.

Контрола на влез и излез на затворените јавни паркиралишта се врши со поставување на рампи или поставување на рампи и објект за наплата.

**Член 18**

Во зависност од периодот на наплата за користење на јавните паркиралишта, јавните паркиралишта со наплата можат да бидат постојани и привремеии.

Постојани јавни паркиралишта со наплата се паркиралишта на кои паркирањето се наплатува во текот на целата календарска година.

Привремени јавни паркиралишта со наплата се паркиралишта на кои паркирањето се

наплатува во тек на привремено регулирање на режимот на сообраќајот, при организација на манифестации, настани, натпревари и слично.

**Член 19**

Во зависност од местоположбата на јавните паркиралишта, истите може да бидат улични или паркиралишта во резидентни џебови.
Улични јавни паркиралишта со наплата се паркиралишта кои се наоѓаат на самата локална улична мрежа, односно на сервисните и стамбените улици, а по исклучок и на тротоарите на локалната улична мрежа, во согласност со законски утврдените услови.
Паркиралишта во резидентни џебови во наплата се паркиралишта кои се наоѓаат на патниот појас на сервисните или станбените улици.

**Член 20**

Јавните паркиралишта од отворен тип на територијата на Општина Центар се класисифицираат во четири паркинг зони утврдени според намената, интензитетот и фреквенцијата на сообраќајот на територија на Општина Центар – Скопје и тоа:

- **Првата паркинг зона** е со ознака ЗОНА 0 за зона 0, означена со црвена боја.
- **Втората паркинг зона е со ознака Зона Н, за зона Х, означена со црвена и бела боја**
- **Третата паркинг зона** е со ознака ЗОНА I, за зона 1, означена со жолта боја.
- **Четвртта паркинг зона** е со ознака ЗОНА II, за зона 2, означена со зелена боја.

Паркирањето на јавно паркиралиште од отворен тип со наплата е со ограничено времетраење на паркирање, освен за корисниците на услугите на организаторот на паркирање коишто имаат потпишано кориснички договор, а во согласност со условите од договорот.
Во опфатот на јавните паркиралишта од отворен тип се утврдуваат и резидентни паркиралишта на станбени блокови, односно Резидентни џебови, како и хуманитарни паркинг места.
Резидентните паркиралишта зависно од капацитетот на слободни паркинг места и потребите на корисниците, може да бидат уредени и како комбинирани, резидентно – комерцијални јавни паркиралишта или сервисно-резидентни јавни паркиралишта, со определени услови за нивно користење.

**Член 21**

Јавните паркиралишта од затворен тип на територија на Општина Центар се следните:

- Јавно паркиралиште **ДОМ НА ГРАДЕЖНИЦИ**
- Јавно паркиралиште **АУТОМАКЕДОНИЈА И ЗЕЛЕН ПАЗАР**
- Јавно паркиралиште **ТРГОТЕКСТИЛ**
- Јавно паркиралиште **ПАЛОМА БЈАНКА**
- Јавно паркиралиште **ДИЛАЈЛА**

Заради соодветно користење на паркинг просторот, како и заради обезбедување на соодветна паркинг услуга, на територијата на Општина Центар се воспоставени и гаражни паркиралишта, коишто може да бидат организирани како катни гаражи или монтажни

паркиралишта коишто се со посебно ограничен режим на фреквенција на возила.
Корисниците на паркинг просторот во катните гаражи се должни истиот да го користат во согласност со условите утврдени од страна на организаторот на паркирањето по добиена согласност од страна на Советот на Општина Центар-Скопје.

Корисниците на монтажните паркиралишта, коишто се со посебен ограничен режим на фреквенција на возила, истите може да ги користат во согласност со условите од потпишаниот кориснички договор или пак во согласност со општите услови утврдени со оваа Одлука.

**Член 22**

Паркинг зоните, ограничување на времетраењето на паркирање, времето за наплата на паркирање, висината на цената на услуга за паркирање и надоместокот за паркирање, висината на цената на дневната паркинг карта и другите работи поврзани со наплатата се утврдени со посебен акт усвоен од организаторот на паркирањето и по добиена согласност од Советот на Општина Центар.

**Член 23**

Паркинг местата и режимот на сообраќај за секое јавно паркиралиште се одредуваат во согласност со посебна сообраќајна студија за утврдување режим на сообраќај, изготвена од стручно лице, за потребите на организаторот на паркирањето.

**Член 24**

Наплатата на цената на услугата или надоместокот за паркирање се врши на сервисни и станбени улици и други сообраќајни површини од интерес за Општина Центар, а во надлежност на организаторот на паркирање.
Начинот на наплата на цената за услугата и надоместокот за користење на јавно паркиралиште со наплата може да се врши автоматски за што се издава паркинг карта.

**Член 25**

Паркинг картата ги содржи следните податоци: ознака на зоната или јавното паркиралиште од затворен тип, ознака на организаторот на паркирање, сериски број на издадената паркинг карта, датумот на користење на јавното паркиралиште, времетраењето на паркирање, дозволено време на паркирање, цена на услуга и други податоци.
Паркинг картата важи само за јавното паркиралиште со наплата на кое е купена и за временскиот период за кој е дозволено користење на услугата со регулиран паркинг.
Изгледот и содржината на паркинг картата ги утврдува организаторот на паркирањето.

**Член 26**

Под автоматска наплата се подразбира плаќање на цената на услугата за паркирање со преземање на паркинг карта со плаќање на услугата однапред на јавните паркиралишта од отворен тип или преземање на паркинг карта и плаќање на цената на услугата по завршување на користење на услугата на јавните паркиралишта од затворен тип и тоа:
- со претходно купена при-пејд карта издадена од организаторот на паркирањето
- со платежна банкарска картичка или преземање на паркинг карта преку СМС порака
- преку официјалната веб страна на јавното претпријатие

Цената на услугата и надоместокот за паркирање на јавно паркиралиште со наплата се утврдува со посебен акт усвоен од организаторот на паркирањето и по добиена согласност од Советот на Општина Центар

**Член 27**

Корисници на јавни паркиралишта со наплата може да бидат:
**1.Корисници на јавни паркиралишта со потпишан кориснички договор**
**2.Корисници на услуги со купување на паркинг карта за јавни паркиралишта од отворен тип**
**3.Корисници на услуги со издавање на дневна паркинг карта**
**4.Корисници на услуги со купување на паркинг карта за јавни паркиралишта од затворен тип и за катна гаража**

## 1.КОРИСНИЦИ НА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА СО ПОТПИШАН КОРИСНИЧКИ ДОГОВОР

**Член 28**

Корисници на јавни паркиралишта со потпишан кориснички договор може да бидат корисници на повластени паркинг карти или корисници на паркинг карти.
Корисници на повластени паркинг карти, односно корисници на јавните паркиралишта под повластени услови се физички и правни лица, кои ги исполнуваат посебните услови определени со посебен акт на организаторот на паркирањето.
Корисници на паркинг карти, односно корисници на јавните паркиралишта под општи услови се физички и правни лица, кои ги исполнуваат општите услови определени со посебен акт на организаторот на паркирањето.

### *А.Повластени паркинг карти за физички лица*

**Член 29**

Физички лица – корисници на различните видови на повластени паркинг карти, односно корисници на јавните паркиралишта со наплата под повластени услови, а во зависност од условите кои поединечно ги исполнуваат се:

1. Физички лица – жители на Општина Центар кои се сопственици на патничко моторно возило или користат службено возило за приватни цели;
2. Физички лица кои имаат сопствен простор за паркирање и патничко моторно возило;
3. Физички лица кои се вработени во деловен субјект со седиште на подрачјето на Општина Центар, а не се жители на Општина Центар и истите поседуваат патничко моторно возило;
4. Физички лица кои имаат сопствен стан или стан под закуп на подрачјето на Општина Центар, а се сопственици на патничко моторно возило;
5. Странски физички лица со регулиран престој во Општина Центар, кои се сопственици на патничко моторно возило;
6. Физички лица – инвалидни лица, сопственици на патничко моторно возило;

7. Физички лица – вработени или ангажирани како новинари во конкретен медиум или новинска агенција, кои се членови на соодветно новинарско или медиумско здружение или синдикат, коешто има склучено договор за деловна соработка со јавното претпријатие;

**Член 30**

Повластените паркинг карти за физички лица, односно условите за склучување на кориснички договор и издавање на повластени паркинг карти се пропишани со Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесен од страна на организаторот на паркирање, по добиена согласност од страна на Советот на Општина Центар.

***Б. Повластени паркинг карти за правни лица***

**Член 31**

Правни лица – корисници на различните видови на повластени паркинг карти, односно корисници на јавните паркиралишта со наплата под повластени услови, а во зависност од условите кои поединечно ги исполнуваат се:

1. Правни лица со седиште/подружница на територија на Општина Центар кои имаат сопствен простор за паркирање
2. Правни лица со седиште/подружница на територија на Општина Центар кои имаат во сопственост патнички моторни возила.
3. Правни лица со седиште/подружница на територија на Општина Центар кои може да овозможат бесплатно паркирање на своите гости, на јавното паркиралиште на кое се наога седиштето на деловниот субјект.

Повластените паркинг карти за правни лица, односно условите за склучување на кориснички договор и издавање на повластени паркинг карти се пропишани со Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесен од страна на организаторот на паркирање, по добиена согласност од страна на Советот на Општина Центар.

***В. Паркинг карти за физички и правни лица под општи услови***

**Член 32**

Паркинг карта за физички или правни лица коишто потпишале кориснички договор може да се издаде на секое физичко или правно лице, во согласност со општите услови за склучувањс на кориснички договор, определени со посебен акт донесен од страна на организаторот на наркирањето, по добиена согласност од страна на Советот на Општина Центар.

**Член 33**

Изгледот, содржината и времето на важност на повластените паркинг карти ги утврдува организаторот на паркирање со посебен акт, донесен во согласност со закон.

**Член 34**

Ако корисникот на повластена паркинг карта го промени возилото за кое што е издадена

картага, истиот е должен во рок од 3 дена да го извести организаторот на паркирањето, по што ќе се изврши промена на податоците во евиденцијата на издадени повластени паркинг карти.

**Член 35**

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар доколку утврди потреба може во секој момент да изврши ревизија на склучениот кориснички договор и да побара од корисникот на услугата да ги достави на увид сите документи врз основа на кој е склучен корисничкиот договор а кои се услов за склучување на истиот, а корисникот на услугата е должен истите да ги достави до јавното претпријатие најдоцна во рок од 10 (десет) дена од денот кога јавното претпријатие ги побарало документите на увид. Доколку корисникот на услугата не постапи по барањето на јавното претпријатије во определениот рок, ќе се смета дека корисникот не ги исполнува условите за конкретниот вид на кориснички договор и истиот ќе биде еднострано раскинат од страна на јавното претпријатие.

**Член 36**

Со повластена паркинг карта може да се стекне секое физичко или правно лице кое:
- ги исполнува општите услови за издавање на повластена паркинг карта,
- ги исполнува посебните услови за издавање на повластени паркинг карти,
- го продолжува времетраењето на корисничкиот договор за издавање на повластена паркинг карта, а договорот го обновил во временски период најрано во рок од 30 дена пред денот на истекот на важноста, а најдоцна до денот на истекот и
- до денот на продолжување на важноста на веќе издадената повластена паркинг карта нема заостанати обврски кон организаторот на паркирање или за истите има дадено писмена согласност дека ќе ги намири во утврден рок.

Со Договорот за користење на јавно паркиралиште со наплата и издавање на повластена паркинг карта се регулираат правата и обврските на организаторот на паркирањето и корисникот заради остварување на правото на користење на услугите на јавни паркиралишта. Корисникот не полага никакви сопственички права врз повластената паркинг картата, ниту пак има право да ја отстапи на користење на трето лице, да ја замени или да ја препродаде. Корисникот подлежи на одговорност кон организаторот на паркирањето за било какви штети што ќе се појават како резултат на користењето на повластената паркинг картата спротивно на одредбите на Договорот и законските и подзаконските акти.

## 2.КОРИСНИЦИ НА УСЛУГИ СО КУПУВАЊЕ НА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ОД ОТВОРЕН ТИП

**Член 37**

За оваа категорија на корисници се утврдуваат цени за час или цел месец за користење на јавните паркиралишта од отворен тип (комерцијални паркиралишта), а од значење за

Општина Центар во зависност од паркинг зоната, определени со посебен акт усвоен од организаторот на паркирањето и по добиена согласност од Советот на Општина Центар.

2.1 Начин на наплата по час

**Член 38**

Наплатата на услугата за користење на јавно паркиралиште од отворен тип се определува во зависност од времетраењето на паркирањето, пресметано по час.
Корисникот кој ја користи услугата со плаќање по час, плаќањето на услугата го врши пред започнување на користење на услугата.

2.2. Начин на наплата месечно

**Член 39**

Корисникот за користење на услугите на јавно паркиралиште од отворен тип може да купи месечна паркинг карта во зависносг од паркинг зоната во која има потреба од користење на услуга.

На корисникот кој ја користи услугата со месечно плаќање, му се издава месечна паркинг карта со право на користење на услугите единствено на јавните паркиралишта од комерцијален тип во паркинг зоната за која е издадена месечната паркинг карта и единствено за месецот за кој е извршена авансна уплата.

**Член 40**

Корисникот не полага никакви сопственички права врз паркинг картата, ниту пак има право да ја отстапи на користење на трето лице ниту пак има право да ја отстапи на користење на трето лице, да ја замени или да ја препродаде.

Корисникот подлежи на одговорност кон организаторот на паркирањето за било какви штети што ќе се појават како резултат на користењето на паркинг картата спротивно на законските и подзаконските акти.

## 3.КОРИСНИЦИ НА УСЛУГИ СО ИЗДАВАЊЕ НА ДНЕВНА ПАРКИНГ КАРТА

**Член 41**

Корисникот на јавното паркиралиште:
- кој не извршил уредно плаќање иа услугата за паркирање,
- времето за кое го извршил плаќањето за услутата е истечено,
- кој нема валидна паркинг карта,

се смета дека со самото паркирање на возилото на јавното паркиралиште од значење за Општина Центар ги прифатил општите услови за користење на истото.
За корисниците определени во ставот 1 од овој член се смета дека имаат склучено Договор за користење на јавните паркиралишта со организаторот на паркирањето по основ на

користење на услугите за што е издадена и дневпата паркинг карта, во согласност со одредбите на оваа Одлука.
Издадената дневна паркинг карта важи во паркинг секторот во кој е издадена и со период па важност од моментот на нејзиното издавање до истото време наредниот ден, во кој период задолжително се врши наплата за користење на јавно паркиралиште од значење за Општина Центар.
Во согласност со ставот 1 од овој член на корисникот на јавното паркиралиште му се издава дневна паркинг карта со налог за плаќање во рок од 8 дена од денот на нејзиното издавање, со што се смета дека истата ја купил заради паркирање на возилото на јавното паркиралиште, односно поради користење на услугите на организаторот на паркирање.

Доколку корисникот во рок од 24 часа од издавањето на платниот налог за дневна паркинг карта купи при пејд дневна карта за истиот паркинг сектор по електронски пат, издадениот налог за дневна паркинг карта се поништува и се наплаќа само при пејд дневната карта со соодветен надоместок утврден во Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта донесен од страна на организаторот на паркирање, по добиена согласност од Советот на Општина Центар-Скопје.

**Член 42**

Изгледот и содржината на дневната паркинг карта го утврдува организаторот на паркирањето. Цената на дневната паркинг карта е утврдена со посебен акт усвоен од организаторот на паркирањето и по добиена согласност од Советот на Опптина Центар.

## 4.КОРИСНИЦИ НА УСЛУГИ СО КУПУВАЊЕ НА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА ОД ЗАТВОРЕН ТИП И КАТНИ ГАРАЖИ

**Член 43**

За оваа категорија на корисници се утврдуваат цени на паркирање за јавните паркиралишта од затворен тип и за паркинг простор во катна гаража во согласност со посебен акт усвоен од организаторот на паркирањето и по добиена согласност од Советот на Оппптина Центар.
Корисникот за користење на услугите за јавно паркиралиште од затворен тип мора да поседува паркинг карта за користење на услугите за јавно паркиралиште од затворен тип, како и за паркирање во катна гаража со која управува организаторот на паркирање.

**Член 44**

Наплатата на услугата за користење на јавно паркиралиште од затворен тип и катна гаража се определува во зависност од времетраењето на паркирањето, пресметано по час.
Корисникот определен со ставот 1 на овој член, плаќањето на услугата го врши по завршување на користење на услугата, во објектот за наплата непосредно пред напуштање на јавното паркиралиште од затворен тип или катна гаража.

**Член 45**

На корисниците на паркинг услуги во јавните паркиралишта од затворен тип и катна

гаража кои ќе користат паркинг услуги во спротивност со одредбите од корисничките договори и посебно пропишаните услови утврдени од страна на организаторот на паркирањето, ќе биде издадена Доплатна дневна карта (ДДК) во форма на платен налог или ќе им биде поставен блокатор согласно член 63 од оваа Одлука.

Во согласност со ставот 1 од овој член на корисникот на јавното паркиралиште од затворен тип или катна гаража му се издава доплатна дневна карта (ДДК ) со налог за плаќање во рок од 8 дена од денот на нејзиното издавање.
Издадената доплатна дневна карта (ДДК) важи во јавното паркиралиште од затворен тип или катна гаража за кое е издадена и со период на важност од моментот на нејзиното издавање до истото време наредниот ден, а доколку по истек на тој временски период возилото не биде отстрането од јавното паркиралиште или преместено, на корисникот може да му биде издадена нова доплатна дневна карта.
Изгледот и содржината на доплатната дневна карта го утврдува организаторот на паркирањето. Цената на доплатната дневна карта е утврдена со посебен акт усвоен од организаторот на паркирањето и по добиена согласност од Советот на Општина Центар.

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА СО НАПЛАТА

### Член 46

Во моментот на запирање или паркирање на јавното паркиралиште со наплата, се смета дека корисникот склучува Договор за користење на јавното паркиралиште со наплата и ги прифаќа општите услови пропишани од организаторот на паркирањето.
Издадената дневна паркинг картата се смета дека е купена од страна на корисникот на паркиралиштето и со нејзиното издавање се смета дека корисникот на јавното паркиралиште и организаторот на паркирањето склучиле Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата.
Паркинг картата може да биде за час, за месец или со издадена дневна паркинг карта согласно општите услови за користење на јавните паркиралишта со наплата.
Паркинг картата ги содржи следните податоци: ознака на зоната, ознака на организаторот на паркирањето; сериски број на паркинг картата; датата и годината; време на почеток на паркирањето; дозволено време на паркирање, цена на услугата и други податоци.
Паркинг картата важи само за јавното паркиралиште со наплата на кое е купена и за временскиот период за кој е издадена.
Изгледот и содржината на паркинг картата ги утврдува организаторот на паркирањето.
Корисниците на јавните паркиралишта користењето на јавното паркиралиште може да го регулираат преку СМС, преку официјалната мобилна апликација или преку официјалната веб страна на јавното претпријатие, како начин на наплата за користење на услугите од организаторот на паркирањето.

### Член 47

Надзор над правилно и прописно користење на јавните паркиралишта со наплата – плаќање на цената и надоместокот за паркирање, дозволеното време на задржување и правото на паркирање го врши овластено лице вработено кај организаторот на

паркирањето.
Овластеното вработено лице кај организаторот на паркирањето со соодветна техничка опрема која овозможува евиденција на паркирани возила, време на паркирање на истите, марка, тип и регистарски број на возило, издава дневна паркинг карта(ДПК) или доплатна дневна карта(ДДК) согласно посебно пропишаните услови од страна на организаторот на паркирањето за користење на јавните паркиралишта.

**Член 48**

Меѓусебните односи помеѓу организаторот на паркирањето и корисникот на јавно паркиралиште со наплата се утврдуваат со општи услови определени во договор за користење на јавни паркиралишта со наплата пропишани од страна на организаторот на паркирањето, по претходна согласност на општите услови дадена од страна на Советот на Општина Центар – Скопје.

**Член 49**

Услугата паркирање на јавно паркиралиште се наплаќа на:

2. **Јавните паркиралишта од отворен тип**

Јавните паркиралишта од отворен тип се јавните паркиралишта од значење за општина Центар кои се наоѓаат на подрачјето на Зона 0, Зона X, Зона I и Зона II и се со ограничено времетраење на користење на услугата паркирање.
Услугата за користење на јавното паркиралиште од значење за општиие Центар во Зона 0, Зона X, Зона I и Зона II се наплаќа:
- во работни денови од 07:00 часот до 23:00 часот
- во сабота од 07:00 часот до 23:00 часот.

Во недела и на државни празници за користење на услугата за паркирање е бесплатна за сите корисници на јавните паркиралишта со наплата од отворен тип.

**2.Јавните паркиралишта од затворен тип**

На јавните паркиралишта од затворен тип ТРГОТЕКСТИЛ, ДОМ НА ГРАДЕЖНИЦИ, АУТОМАКЕДОНИЈА И ЗЕЛЕН ПАЗАР, ПАЛОМА БЈАНКА и ДИЛАЈЛА не е определено временско ограничување на паркирањето. За користење на услугата – паркирање на овие јавни паркиралишта со наплата од затворен тип се наплаќа:
- секој ден 00:00 до 24:00 часот.

На државни празници користењето на услугата за паркирање на јавните паркиралишта со наплата од затворен тип е бесплатна за сите корисници, со исклучок на јавните паркиралишта од затворен тип со автоматски контролиран влез и излез.

**Член 50**

Цената на паркинг картата во јавните паркиралишта од отворен тип, односно на јавните паркиралишта од затворен тип се утврдува со Ценовникот услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со наплата, донесен од страна на организаторот на паркирање, по добиена

согласност од Советот на Општина Центар-Скопје.

**Член 51**

За жителите на Општина Центар физички лица коишто се жители на Општина, како и за деловните субјекти кои имаат седиште на јавните паркиралишта со наплата може да се воведат повластени услови за паркирање во однос на цената и времето на користење.

За одредени субјекти кои не се определени во ставот 1 на овој член може да се воведат повластени услови за користење на јавните паркиралишта, донесени од страна на организаторот на паркирање, по добиена согласност од Советот на Општина Центар-Скопје.

**Член 52**

Корисникот на јавното паркиралиште со наплата од отворен тип е должен во рок од 10 минути од моментот на запирање на возилото да го плати надоместокот односно да извади паркинг карта и ова време од 10 минути се смета за време на толеранција во кое не може да му биде издадена дневна паркинг карта.

Со истакнување на паркинг картата на предното стакло од возилото во левиот долен агол, односно со запирање на возилото на паркинг место, се смета дека корисникот и организаторот иа паркирање склучиле Договор за користење на јавиото паркиралиште со наплата, врз основа на кој ги прифатиле оиштите услови за паркирање, пропишани од организаторот на паркирањето.

Паркинг картата е исправа со која корисникот на јавното паркиралиште со наплата докажува дека ја платил утврдената цена за користење на јавното паркиралиште во конкретната паркинг зоната, а истото ќе го користи во рамките на дозволеното време за паркирање на јавното паркиралиште од значење за Општина Центар.

**Член 53**

**Доколку корисникот на возилото кое е запрено и паркирано на јавно паркиралиште од отворен тип, за што согласно одредбите од оваа Одлука е утврдена наплата:**

1) не ја истакне паркинг картата на предното стакло од возилото во левиот долен агол,
2) користи паркинг карта која не е соодветна за паркинг зоната во која е паркирано возилото,
3) го надмине дозволеното време за паркирање,
4) внесе неточни лични податоци, податоци за возилото или за времето на користење на паркирањето или на друг начин го доведе во заблуда организаторот на паркирањето во врска со извршената уплата на надоместокот за паркирање,
5) користи невалдина паркинг карта,
6) е неправилно паркиран и зазема повеќе од едно паркинг место
7) е паркиран надвор од обележано паркинг место.

Се смета дека корисникот на јавното паркиралиште со наплата склучил договор за користење на услугите од организаторот на паркирање по основ на користење на јавното паркиралиште и за истиот ќе се постапи согласно член 41 од оваа Одлука.

**ПОСТАПКА ЗА НАПЛАТА НА ИЗДАДЕНА ДНЕВНА ПАРКИНГ КАРТА СО НАЛОГ ЗА НАПЛАТА**

**Член 54**

Врз основа на договорот за користење на јавно паркиралиште со наплата склучен на начин утврден во член 53 оваа Одлука се издава дневна паркинг карта со налог за плаќање во рок од 8 дена од денот на нејзиното издавање, од страна на овластено вработено лице кај организаторот на паркирање, кој на соодветен и сигурен начин ги прикачува на возилото.
Доколку корисникот на јавното паркиралиште со наплата не ја плати издадената дневна паркинг карта, односно налогот за плаќање во рокот определен во став 1 од овој член, на истиот ќе му биде издадена фактура за наплата по основ на користење на јавно паркиралиште.
Корисникот има право на приговор на фактурата согласно правната поука во истата.
Доколку корисникот не ја плати фактурата во законски предвидениот рок, ќе се продолжи со постапка за присилна наплата на услугата.

**Член 55**

Дневната паркинг карта важи за јавното паркиралиште со наплата во кое е издадена, со период на важност од моментот на издавање на налогот за плаќање на дневна паркинг карта до истото време наредниот ден, во кој период задолжително се врши наплата на паркирањето.

**Член 56**

Корисникот на јавното паркиралиште со наплата е должен да постапи по примениот налог и да ја исполни обврската за плаќање на издадената дневна паркинг карта во рок од 8 дена од денот на приемот на начин наведен во налогот, во согласност со одредбите од оваа Одлука.
Доставувањето на налогот за плаќање на дневна паркинг карта на начин утврден во оваа одлука се смета за уредно доставен и сите понатамошни оштетувања или уништување на налогот немаат влијание во врска со уредната достава и со тоа не се одлага плаќањето на дневната паркинг карта.

**Член 57**

Како корисник на јавно паркиралиште кој подлежи на плаќање на дневна паркинг карта се смета сопственикот на возило кој е регистриран во евиденцијата која ја води Министерството за внатрешни работи по регистарски број на возило.

**ПОСТАПКА ЗА НАПЛАТА НА ИЗДАДЕНА ДОПЛАТНА ДНЕВНА КАРТА СО НАЛОГ ЗА НАПЛАТА**

**Член 58**

На корисниците утврдени во член 45 од оваа Одлука им се издава доплатна дневна карта со налог за плаќање во рок од 8 дена од денот на нејзиното издавање, од страна на овластено вработено лице кај организаторот на паркирање, кој на соодветен и сигурен начин ги прикачува на возилото.

Доколку корисникот на јавното паркиралиште од затворен тип или катна гаража не ја плати издадената доплатна дневна карта, односно налогот за плаќање во рокот определен во став 1 од овој член, на истиот ќе му биде издадена фактура за наплата по основ на користење на јавно паркиралиште спротивно на пропишаните услови на организаторот на паркирањето.

**Член 59**

Корисникот на јавното паркиралиште од затворен тип или катна гаража е должен да постапи по примениот налог и да ја исполни обврската за плаќање на издадената доплатна дневна карта во рок од 8 дена од денот на приемот на начин наведен во налогот, во согласност со одредбите од оваа Одлука.

Доставувањето на налогот за плаќање на доплатна дневна карта на начин утврден во оваа одлука се смета за уредно доставен и сите понатамошни оштетувања или уништување на налогот немаат влијание во врска со уредната достава и со тоа не се одлага плаќањето на доплатната дневна карта.

**Член 60**

Како корисник на јавно паркиралиште од затворен тип или катна гаража кој подлежи на плаќање на доплатна дневна карта се смета сопственикот на возило кој е регистриран во евиденцијата која ја води Министерството за внатрешни работи по регистарски број на возило.

**РЕЗЕРВИРАНО ПАРКИНГ МЕСТО**

**Член 61**

По барање на корисник на јавно паркиралиште може да се одобри резервирано паркинг место, за што се склучува договор за резервирано паркинг место на јавно паркиралишге со наплата помеѓу корисникот и организаторот на паркирање, во зависност од потребите на корисникот и капацитетот на слободни паркинг места на јавното паркиралиште.

Паркинг место може да се резервира:

1. За период од 6 (шест) месеци и
2. За период од една година.

Надоместокот за користење на јавните паркиралишта со наплата по основ на резервирано паркинг место е определен во Ценовникот на услуги и надоместоци за користење на јавните паркиралишта, донесен од страна на организаторот на паркирањето, по добиена согласност од страна на Советот на Општина Центар.

**Член 62**

За резервирано паркинг место од член 61 се склучува Договор за закуп помегу корисникот на јавното паркиралиште со наплата и организаторот на паркирањето.

Со Договорот за закуп на резервирано паркинг место се уредуваат односите помеѓу корисникот и организаторот на паркирањето, во согласност со условите утврдени во оваа Одлука и законските прописи со кои се регулира правото на закуп.

Договорот за закуп на резервирано паркинг место се склучува за одреден временски период, а конкретното времетраење се определува во моментот на склучување на договорот.

Корисникот на резервирано паркинг место не смее истото да го дава во подзакуп или на

користење на трето лице.
Организаторот на паркирањето го означува резервираното паркинг место со соодветна сообраќајна сигнализација или без посебно обележување на резервираното паркинг место, но со обврска од страна на организаторот на паркирањето да обезбеди слободно паркинг место во согласност со условите определени во Договорот за закуп. Од моментот на склучување на Договорот за закуп, за исправната состојба на обележаното резервирано паркинг место одговорен е корисникот.

## МЕРКИ И НАЧИН НА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕТО НА ВОЗИЛА

### Член 63

На возилата паркирани спротивно на утврдениот режим и спротивно на подзаконските акти утврдени од организаторот може да се примени некоја од мерките за регулирање на паркирањето на возилата на јавните паркиралишта и тоа:

- Поставување на механичко средство – блокатор на возило,
- Отстранување и преместување со специјално возило – Пајак,
- Издавање на дневна паркинг карта со налог за плаќање согласно член 41 и член 54 од оваа Одлука или
- Издавање на доплатна дневна карта со налог за наплата согласно член 43 и член 58 од оваа Одлука.

Овие мерки се применуваат како надомест за користење на јавните паркиралишта со кои стопанисува организаторот, а изборот на мерката зависи од конкретните околности и проценка од страна на овластените вработени кај организаторот.

Примената на една мерка не ја исклучува примената на друга мерка утврдена во овој член, се во зависност од проценетите околности.

Во случај кога за регулирање на паркирањето ќе се примени мерката Поставување на механичко средство- блокатор, овластен вработен кај организаторот на паркирањето ќе го отстрани блокаторот од возилото во моментот на уплата на надоместокот од страна на лицето коешто управува со возилото.
Доколку не се исполнети условите за отстранување на блокаторот од возилото, односно за истиот не е наплатен надоместокот, а возилото е паркирано на место коешто не е наменето за паркирање или пак е паркирано на приватен паркинг простор со којшто управува организаторот на паркирањето, Организаторот на паркирањето има право да го отстрани и премести со специјално возило- Пајак, со што сопственикот односно лицето коешто управува со возилото има обврска да го плати и надоместокот за отстранување и преместување.

### Член 64

Сите услуги и поволности што ги нуди Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар- Скопје, се достапни и може да се користат и преку официјалната Веб страна на јавното претпријатие www.poc.mk.

## ОСТАНАТИ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

**Член 65**

Овластените лица вработени кај организаторот за паркирањето одговорни за наплата и паркинг контролата должни се да носат службена униформа, како и да имаат идентификациона легитимација на која има ознака на организаторот на паркирањето, име и презиме на вработениот. Обликот, бојата и другите елементи на службената униформа и легитимација ги утврдува организаторот на паркирањето.

**Член 66**

Организаторот на паркирање може да постапува и по налог за извршување издаден од страна на надлежен извршител, за што извршителот и организаторот на иаркирањето склучуваат договор за деловна соработка.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 67**

Надзор над примената на оваа Одлука врши Секторот за инспекциски надзор на Општина Центар- Скопје-Општински Инспекторат и Секторот за комунални работи.

**Член 68**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзино усвојување од страна на Управниот одбор на ЈП „Паркинзи“ на Општина Центар – Скопје и по добиена согласност од Советот на Општина Центар, по што престануваат да важат одредбите од Одлуката за организација и начин на наплата на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар – Скопје бр.02-17/62 од 17.09.2024 година (објавена во Службен гласник на Општина Центар бр.11/24) и Одлуката за изменување на Одлуката за организација и начин на наплата на јавните паркиралишта од значење за Општина Центар – Скопје бр.02-17/53 од 22.07.2025 година (објавена во Службен гласник на Општина Центар бр.09/25)

**Член 69**

Оваа Одлука се објавува во Службен гласник на Општина Центар - Скопје.

ЈП за јавни паркиралишта
Паркинзи на Општина Центар
Управен одбор
Претседавач

Зоран Никодинов